28444

12543

● НОВА МАКЕДОНИЈА ● Среда 23 декември 1981 год. ● стр. 10



Руди Горјуп: Рефлексија I, 1979, масло

Музеј на современа уметност

## ● ПОДАРЕНИ ДЕЛА ОД 12 АВТОРИ

Како израз на меѓународната солидарност на сликарот од светот, во Музејот на современата уметност и денес, 17 години по неговото формирање, пристигаат уметнички дела што ја збогатуваат земјата. Да потсетиме: од земјотресот до денес меѓународната збирка на Музејот се збогати за 3.500 експонати, а само оваа година тој на подарок доби 232 дела. Делата се претежно графики.

По изложбата на овие дела што во првата половина на годината Музејот ја организира како еден вид благодарност кон дарителите, Музејот прими дотации од следниве домашни и светски уметници. Од СДЛУЈ—овата изложба Руди и Томаж Горјуп од СР Словенија му подарија по една слика, Зоран Јовановиќ од Приштина две графики. Цезар Домела и Хари Сандерс од Холандија испратија првиот една, а вториот четири графики. Како дарители се јавија Ирачанецот Тахир Хамид и Унгарката Орсолија Дроздик, која подари осум графики. Австралијанецот Лучано Жмак на Музејот му подари графика и акварел, Мароканецот Аза Хашми пет графики, а Португалецот Давид де Алмеида и хрватскиот уметник Јосип Буковиќ по една графика. Американецот Сол Левит, еден од најзначајните уметници во САД и родоначалникот на концептуалната уметност, кој досега одржал 60 самостојни изложби во својата земја и во светот, на Музејот неодамна му подари 30 графики.

(С. Ѓ.)